**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**Од Осумнаесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 1 ноември 2006 година**

Седницата се одржа во салата за седници на Собраниеот на Република Македонија, со почеток во 11,18 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше господин Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Дами и господа пратеници,

Ја отворам Осумнаесеттата седница на Собраниеот на Република Македонија.

Пратениците Али Ахмети, Ристо Пенов, Радмила Шекеринска, Јани Макрадули, АбдуладИ Вејсели, Илинка Митрева, Весна Јаневска, Данаил Дончев и Љубчо Георгиевски, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Ве молам да притиснеме на едно од копчињата на системот за гласање за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

Ги молам службите уште еднаш да утврдат и да го достават бројот на присутните пратеници во салата.

Во салата се присутни 65 пратеници.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата се поканете: Претседателот на Република Македонија, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија.

Оваа седница ја свикав по барање на Владата на Република Македонија заради разгледување на Предлогот на одлуката за испраќање на единици на Армијата на Република Македонија за учество на мировната операција во Ирак.

Предлагам предлогот на дневниот ред на оваа седница да не се дополнува со други точки.

Предлогот го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник и сите 61 гласале за.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

За денешната седница го предлагам следниот дневен ред:

1.Предлог на одлука за испраќање на единици на Армијата на Република Македонија за учество во мировната операција во Ирак.

Предложениот дневен ред го ставамна гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 66 пратеници, сите 66 гласале за.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

**Минуваме на точка 1 - Предлог на одлука за испраќање на единици на Армијата на Република Македонија за учество во мировната операција во Ирак.**

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор?

Збор има министерот за одбрана, господинот Лазар Еленовски.

**Лазар Еленовски:** Благодарам претседателе.

Почитувани пратеници денес ја имате Предлог одлуката на Владата на Република Македонија, изготвена од Министерството за одбрана, за испраќање на единици на Армијата на Република Македонија за учество во мировната операција - Слобода за Ирак, во Ирак.

Како што знаете, Македонија со свој вод на специјални операции учествува во мисијата - Слобода за Ирак, од нејзиното започнување. Во таа насока ние веќе неколку години сме заедно со коалициските сили, поточно со Американскиот контигент на север од Багдат, во местото Таџи. Овој предлог всушност е ротација на веќе постоечкиот вод, со истата намена и со истата цел. Значи водот за специјални операции брои 35 припадници и 5 официри за работа во мултинационалните команди во Мисијата - Слобода за Ирак.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор пратеникот Лазар Китаноски.

**Лазар Китаноски:** Јас сакам само да ја поздравам позитивната одлука која чекам да ја донесеме денес и да укажам на континуитетот на претходната Влада, претходниот состав на Собранието, особено после позитивните сигнали кои ги добивме од Рига. Со други зборови сакам да укажам дека ние мораме да си го преземеме својот дел од обврските, како потенцијални, се надевам идни членки на НАТО. Со ова покажуваме дека ние сме во голем дел, практично во оној воениот дел на реформи, скоро при крај, имаме способни единици кои можеме да ги ставиме на располагање, по потреба се разбира, на нашите партнери од НАТО. На тој начин созревање и како држава и како нација, меѓутоа и како Армија, свесни за тоа дека покрај правата, членството во НАТО подразбира и одговорности.

Во име на пратеничката група на СДСМ, ние даваме целосна поддршка на Одлуката, да се испрати наша единица во Ирак.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Збор има пратеникот Есад Рахиќ.

**Есад Рахиќ:** Почитуван претседателе, драги колеги, почитуван министре за одбрана, само неколку збора во правец на поддршка на она што денес ќе го изгласаме, се надевам со огромно мнозинство, како што секогаш и до сега гласавме.

Добрите вести што стигнаа од Рига, ни даваат за право веќе кога носиме одлука, да ја носиме едногласно. Да кажам, она што го кажа и колегата, професорот Китаноски, ова е резултат на повеќегодишен труд на сите Влади во Република Македонија и претставува една јасна ориентација

каде треба да се движи нашата надворешна политика.

Она што сакам да го кажам, како што рече и професорот Китаноски, покрај овие права следуваат и одредени обврски и се надевам дека во следниот период, господине Китаноски и Владата на Република Македонија заедно со сите институции, вклучувајки го и Парламентот, ќе сватиме дека она што НАТО од нас го бара во овие две години кога ќе ни стигне, сигурен сум, поканата во 2008 година, во 2009 година веќе да бидеме полноправна членка, ќе треба да се завршат. Затоа една сугестија, Владата да размисли во делот на Буџетот и она што следи како обврска, посебна ставка за мировни операции, дали ќе биде тоа во делот на Министерството за надворешни работи, или дирекно под Владата, бидејки самиот премиер е координатор на оваа група, тоа час поскоро да го завршиме за да можеме успешно да се приклучиме како полноправна членка на НАТО во 2009 година.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Збор има министерот за одбрана Лазар Еленовски.

**Лазар Еленовски:** Сакам само да се заблагодарам на пратениците за поддршката. Ова е навистина заеднички државен напор, не е напор на ниту една партија, на ниту една Влада и во таа насока нашата надворешна политика. Добро е кога покажуваме дека имаме стабилна надворешна политика и во контекс да ги унапредуваме односите и релациите.

Сакам само да го информирам Парламентот, тоа ќе видите кога ќе дојде точка на дневен ред Буџетот на Република Македонија за 2007 година дека Владата го отпочна процесот на трансфер на Буџетот за мировните мисии, од Министерството за одбрана, како што беше до себа, во Буџетот на Владата, со тоа што оваа година ќе одиме со 50% да биде за плаќањето, а понатаму, секако од 2008 година ќе одиме 100%, бидејки мировните мисии се мисии на Република Македонија, а не се на Министерството. Министерството и Армијата се само да ги извршат оние подготовки кои се потребни, а самата мисија, како стратешка определба е дел од надворешната политика. Во таа насока генерално и како Влада и како држава имаме должност и обврска тоа да биде и финансиски покриено од страна на Владата.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор пратеникот Агрон Буџаку:

**Агрон Буџаку:** Благодарам.

Почитувани присутни, почитувани пратеници, во име на парламентарната група ДУИ-ПДП, ја поддржуваме денешната Одлука за испраќање на мировни единици во Ирак, што е една заложба во континуитет на Република Македонија, во рамките на партнерство со Североатланскиот сојуз, исто така во рамките на нашиот придонес, значи нашата држава, имајки предвид дека сме мала држава, но нагласувајки го фактот дека во овие случаи кога и во крајната декларација на Самитот пред неколку дена одржан во Рига, во однос на НАТО декларацијата, уште еднаш ни се даде еден позитивен сигнал на државите од Јадранската Повелба, значи за Хрватска, Албанија и Македонија, за еден повик кој, можам да кажам е реален повик за да бидеме членка во НАТО структурите што ќе следи во 2008 година, за добро искажаните зборови и за Декларацијата, во точка 33 од Декларацијата каде се вели дека се поздравува напредокот на Република Македонија. Исто така, се поздравува и успехот во добриот тек на парламентарните избори од 5 јули каде исто така се наведува дека се очекува и понатаму, како што беа проценките за минатите 4 години, во рамките на постигнатите успеси во политичката област во Република Македонија. Посебно, се подразбира и со имплементацијата на Охридскиот договор, како клучен политички адут на Република Македонија за нашите интеграции било во НАТО и во Европската унија. Значи и понатаму Република Македонија ќе продолжи во оваа насока, имајки го предвид и тоа дека многузначајната улога на НАТО, која структура уште од 1999 година кога интервенираше на Косово, укажа дека освен улогата што ја имаше со основањето за заштитата на земјите членки на оваа структура, во овој глобализиран свет, НАТО врз свои плеќи ја презема и должноста на земјите членки да им обезбеди и на своите партнери една безбедност од аспект на заканите во денешно време, а тоа се тероризмот, фундаметализмот и другите опасности и закани. Од овие причини НАТО моментално има 6 мисии.

Ние како парламентарна група се ангажираме и ќе се ангажираме и понатаму и Република Македонија, по потреба и барањата на Северoатланската алијанса и во иднина да учествува во вакви мировни операции кои и колку некој да ги критикува, но треба да се потсетиме дека вакви критики од разни провиниенции струки кои често пати се јавуваат како пацифистички, имало и во 80-ите години кога НАТО и САД во Европа инсталираа ракети за да им одговорат на руските ракети СС-20, но на крајот се виде дека на овој начин НАТО и земјите членки, на чело со САД успеаа да ја одбранат Европа, а исто така успеаа да дојде и крајот на Советската империја, во 1999 година успеаа да се види крајот на геноцидниот режим на Милошевиќ и со заложбите кој ги врши НАТО во денешно време, јас сум длабоко убеден дека ќе успеат да ги сузбијат сите тие кои се закануваат не само за сигурноста на членките на НАТО, туку и на целиот свет, со нивната терористичка политика.

Уште еднаш ќе нагласам дека ние сме секогаш, но се разбира со аргументи, за партиципирање на нашите единици во овие мировни мисии, без оглед на тоа што некогаш ќе има и опасни состојби, но безбедноста не само на членките на НАТО, туку и безбедноста на Македонија, што се надевам набрзо и ние ќе бидеме членка на НАТО. Значи таа безбедност зависи од овие мировни

операции кои ќе гарантираат еден поуспешен и посигурен свет за идните генерации.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор пратеникот Силвана Бонева.

**Силвана Бонева:** Благодарам господине претседателе,

Од име на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ и колаицијата која ја предводи ВМРО-ДПМНЕ, сакам да ја искажам нашата континуирана заложба, Република Македонија да биде учесник во одбраната на мирот во светот, да дадеме јасен сигнал дека Република Македонија го бара нејзиното место во рамките на НАТО алијанста, не само заради потребата да имаме гарант за нашата безбедност и мирот во земјата, туку да покажеме дека Република Македонија може да земе активно учество во креирањето на мирот во светот и демократските процеси. Токму од тие причини и овој пат ќе гласаме за Одлуката за испраќање на единици на Република Македонија за учество во мировната операција во Ирак и се надеваме дека овие континуирани наши заложби, како што до сега и пред неколку дена беа позитивно оценети на Самитот во Рига, ќе резултираат со конечен наш прием во НАТО алијансата. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Збор има пратеникот Ружди Матоши.

**Ружди Матоши:** Благодарам господине претседател,

И Демократската партија на албанците, дава потполна поддршка да се испратат наши единици во мировна операција во Ирак.

Оваа едногласнсот со која се поддржува оваа Одлука за испраќање на нашите единици во мировни операции во Ирак, јасно покажува дека Република Македонија дефинитивно е ориентирана кон правилните Северноатлански политики. Тоа најдобро се покажа и во Рига кога ние добивме покана за во 2008 година да станеме членка на НАТО. Меѓутоа, целиот политички фактор треба тоа да не го свати како поклон, туку напротив тоа е една обврска, обврска која треба да создаде позитивен политички менталитет во Македонија и овој менталитет навистина да се бори против злото. Ние имаме обврски да продолжиме со реформите и вистински да се бориме против организираниот криминал, против корупцијата и институциите на оваа држава да станат сервис за граѓаните.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор пратеникот Иван Анастасовски.

**Иван Анастасовски:** Благодарам почитуван претседателе, господин министер, колеги пратеници. Јас на кратко, бидејки не сакам да се повторувам со претходните дискутанти.

Во овој Парламент уште еднаш, недвосмислено и отворено е дадена поддршка за нашето партнерство. Не би сакал ова да се свати дека е привилегија на некого или на некои. Ова е генерална заложба на сите нас во Република Македонија, во тој правец и затоа во тој правец и Република Македонија има голем исчекор напред. Уште еднаш сакам да ја потенцирам поддршката на НСДП, по однос на ова прашање. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејки нема повеќе пријавено за збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 74 пратеници, сите 74 пратеници гласале за.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за испраќање на единици на Армијата на Република Македонија за учество во Мировната операција.

Нека им е со среќа.

Го поздравувам првиот ваков консензус во Парламентот.

Бидејки дневниот ред е исцрпен, ја заклучувам 18-тата седница на Собранието на Република Македонија.

Седницата заврши во 11,40 часот.